20252444734

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 14 став (1) од Законот за стоковните резерви („Службен весник на Република Македонија“ бр. 84/08, 77/09, 24/11, 43/14, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21, 74/24, 135/25 и 154/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 2 декември 2025 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ПРОДАЖБА НА ДВИЖНИ СТВАРИ - МЕРКАНТИЛНА ПЧЕНИЦА

Член 1

Да се изврши продажба на 5.400 тони меркантилна пченица од стоковните резерви, заради обновување.

Член 2

Продажбата на движните ствари од член 1 од оваа одлука ќе се изврши по пат на електронско јавно наддавање, преку електронскиот систем за јавно наддавање со кој управува и оперира Министерството за финансии - Управа за имотно - правни работи, со проценета вредност утврдена согласно Процената од Бирото за процена бр. СВ V – 46/25-6 од 27.10.2025 година, во која е проценета вредноста на меркантилната пченица на износ од 70.092.000,00 денари, односно 12,98 ден./kg.

Почетната цена за електронското јавно наддавање претставува проценетата вредност и истата изнесува 12,98 ден./kg.

Јавното наддавање ќе се изврши електронски на следната интернет страница: www.e-aukcii.finance.gov.mk.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-9906/8
2 декември 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.